РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-431/6

28.09. 2021 год.-viti

Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 3 и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 18 седница одржана на 19.05.2021 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за акредитација на проектот за основање на Самостојна висока стручна школа, Бреинстер Некст Скопје

1. Се акредитира проектот за основање на Самостојна висока стручна школа, Бреинстер Некст Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Научно - истражувачко подрачје: 1 Природно - математички науки,
Научно – истражувачко поле: 110 Информатика.
Научно – истражувачка област: Сите области од наведеното поле.

3. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

# О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената одлука 2270-0101/2021 од 07.07.2021 година од Основачот Друштво за интернет едукација Бреинстер ЦБЦ колектив ДОО Скопје со ЕМБС: 7030495 со ЕДБ 4058015521387 со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр.19 Скопје - Центар, застапувано од Управител Петар Ниновски, основано на 08.04.2015 година како Друштво осо ограничена одговорност со општа клаузула за бизнис и приоритетна дејност: 85.59 друго образобание, неспомнато на друго место, за усвојување на проектот за основање на Самостојна висока стручна школа, Бреинстер Некст во Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08-431/1 од 28.01.2021 година за прифаќање на проектот, односно за акредитација на Самостојна висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје.

Одборот за акредитација на високото образование, на 12-та седницата одржана на 24.02.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08-431/3 од 02.06.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 18-та седница одржана на 19.05.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски